Друштво за производство, промет и услуги
ТЕЛКОМ ММ ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 05-182
10.06.2021 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Бр. Nr. 10-5509/13
07-06-2021 20 год. viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ДОГОВОР

**за јавна набавка на услуги за одржување и сервисирање на компјутери и компјутерска опрема за потребите на Министерство за образование и наука**

Склучен на ден ____.____.2021 година, помеѓу:

1. **Министерство за образование и наука**, со седиште на ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, застапувано од министерот за образование и наука Мила Царовска, со ЕДБ 4030990253456, со ЕМБС 4116704 (во понатамошниот текст како: „Прималет на услугата"), од една страна и

2. **Друштво за производство, промет и услуги ТЕЛКОМ ММ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје,** со седиште на ул. „Михаил Чаков" бр.4 локал 14, 1000 Скопје, со ЕДБ 4030006589937, застапувано од управителот Драган Јовиќ од Скопје, (во понатамошниот текст: „Давателот на услугата"), од друга страна.

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој договор се регулираат меѓусебните права и обврски на договорните страни за вршење на услугите кои се предмет на овој Договор.

Член 2

Договорните страни го склучуваат овој Договор врз основа на член 41 став (1), член 48 став (1) и став (2) алинеја 1 и член 59 став (4) алинеја 1 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Северна Македонија" број 24/19), согласно Одлуката за спроведување на постапка за јавна набавка на услуги бр.10-5509/1 од 29.03.2021 година, со отворена постапка набавка од мала вредност за јавна набавка, со објавување на Огласот број 06066/2021 која се спроведува со користење на електронски средства преку ЕСЈН и завршува со е-аукција, со Одлуката за избор на најповолна понуда број 10-5509/11 од 05.05.2021 година и Конечна понуда бр.05-187/21 од 19.05.2021 година на Давателот на услугата.

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Предмет на овој договор е набавка на услуги: Одржување и сервисирање на компјутери и компјутерска опрема за потребите на Министерството за образование и наука.

Предметот на договорот е неделив.

## III. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Вкупната вредност на договорот за јавна набавка на услуги за одржување и сервисирање на компјутери и компјутерска опрема за потребите на Министерство за образование и наука без вклучен ДДВ изнесува до 300.000,00 (триста илјади) денари, односно до 354.000,00 денари (триста педесет и четири илјади) денари со

вклучен ДДВ, кој изнесува 54.00,00 денари (педесет и четири илјади) денари, по цени дадени во Понудата со бр.05-187/21 од 19.05.2021 година на Давателот на услугата, согласно Табелата:

| РБ | | Цена на 1(еден) работен час без ДДВ | Цена на 1(еден) работен час со ДДВ |
|---|---|---|---|
| 1 | Дијагностика на персонални компјутери(десткоп и лаптоп) и печатачи (мултифункциски уреди, печатачи) | 0,005 | 0,0009 |
| 2 | Замена на неисправни делови и склопови на персонални комјутери(десктоп и лаптоп) и печатачи (мултифункциски уреди, печатачи) | 0,005 | 0,0009 |
| | | Вкупна цена без ДДВ | 0,01 |
| | | Само ДДВ | 0,0018 |
| | | Вкупна цена со ДДВ | 0,0118 |

## IV. РОК И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

Член 5

Давателот на услугата е должен во период од 12 (дванаесет) месеци да ги извршува услугите кои се предмет на овој договор согласно условите од Техничката спецификација која е составен дел на тендерската документација бр.10-5509/5 од 09.04.2021 година.

Набавката ќе биде сукцесивно согласно потербите на Примател на услугата

## V. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

Член 6

Примателот на услугата по извршената услуга, согласно барањето на одговорното лице за следење на реализација на договорот, во рок од 60 дена од денот на прием на фактурата во писарницата на Примателот на услугата.

Корекција на цените на предметот на Договорот за јавна набавка на услуги не е дозволена и истите ќе останат фиксни за целото времетраење на договорот.

## VI. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 7

Давателот на услугата е должен да достави гаранција за квалитетно извршување на договорот во висина од 10% (од вредноста на договорот со вклучен ДДВ) во рок од 5 работни дена од денот на склучување на договорот. Гаранцијата е во вид на банкарска гаранција во писмена форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Член 8

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност до целосното реализирање на договорот продолжена за 30 дена.

Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот ќе биде во

валута на која гласи договорот.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот треба да биде издадена од банка.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот Давателот на услугата треба да ја достави во рок од 5 (пет) работни дена по потпишување на договорот, лично на лицето за контакт.

Член 9

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку Давателот на услугата не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести Давателот на услугата. За наплата на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот Давателот на услугата може да покрене спор пред надлежниот суд.

Член 10

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот во услови на навремено и квалитетно извршување на Договорот, му се враќа на Добавувачот во рок од 14 дена по целосното извршување на договорот.

## VII. КАЗНЕНИ ПЕНАЛИ И ДОГОВОРНА КАЗНА

Член 11

Доколку Давателот на услугата задоцни со извршување на работите од овој договор, онака како што е договорено или утврдено според роковите во овој договор, во таков случај Давателот на услугата се обврзува да му плати на Примател на услугата казнени пенали во висина од 0,5% од вкупната вредност на овој договор за секој ден задоцнување, но не повеќе од 5% од вкупната вредност на овој договор, за што се согласни и двете договорни страни.

Во случај на раскинување на договорот согласно член 14 од овој договор Давателот на услугата се обврзува да му плати на Примател на услугата казна во висина од 30% од вкупната вредност на овој договор, за што се согласни и двете договорни страни.

Доколку Примател на услугата претрпел штета која го надминува износот на договорната казна, Давателот на услугата ќе исплати разлика до целосниот надомест на штета.

## VIII. РОК ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ ИЛИ ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 12

Времетраењето на договорот е 12 (дванаесет) месеци од денот на склучување на договорот од двете договорни страни.

## IX. ОБВРСКИ НА ДАВАТЕЛОТ И НА ПРИМАТЕЛОТ НА УСЛУГАТА

Член 13

Примателот на услугата е должен да ги исполни обврските за плаќања предвидени во член 6 од овој договор.

Давателот на услугите се обврзува да ги извршува услугите стручно и квалитетно согласно условите од Техничката спецификација која е составен дел на тендерската документација бр.10-5509/5 од 09.04.2021 година.

Одговорни лица за следење на реализација на Договорот кај Корисникот на услугите сее Благоја Гелевски и Горан Стојановски.

Одговорно лице за следење на реализација на овој договор, ќе ја следи реализацијата на Договорот согласно одредбите на овој договор за што навремено и хронолошки изготвува контролна чек - листа за реализација на активностите и обврските од договорот и евентуално анексите на овој договор, а ќе ги извршува особено следните работи:

- ќе следи дали договорот се реализира според барањата во Тендерската документација кон огласот за јавна набавка, според понудата на давателот на услугите и според одредбите на овој договор;
- изготвува писмена коресподенција во врска со реализација на договорот во разумен рок или во рокови предвидени со овој договор;
- ќе изготви и достави Налог за реализација на услуга;
- ги прима и врши проверка на доставените фактури од Давателот на услугата;
- по потреба организира координативни состаноци во случај на оценка на ризик или потреба за меѓусебна кординација;
- го следи и се грижи за навремено постапување во рокови за активности според заклучоци по одржани состаноци;
- по целосна реализација на договорот, како и во случај на раскинување на договорот изготвува Извештај за реализација на договор со прилог потпишана контролна чек- листа што содржи хронолошки настани и факти за реализација на активностите и обврските од договорот и евентуално анексите на овој договор;
- води досие – предмет за реализација на овој договор и евентуалните анекси на овој договор;
- по потреба срочува службена белешка со мислење за фактичката состојба, архивски службено ја евидентира и со истото ги запознава одговорните лица кај Корисникот на услугите, како и
- врши и други работи поврзани со следење на реализација на договорот по свое видување и на барање на Корисникот на услугите;
- ако постои потреба за замена на дел овластеното лице од Давателот на услугите треба да обезбеди понуда со цена за резервен дел. Одговорното лице врши истражување на пазар и прибира уште две понуди за резервниот дел што треба да се промени и ја одобрува или ја отфрла понудата на Давателот на услугата за резервниот дел. Откако ќе биде прифатена понудата на Давателот на понудата истиот го сервисира уредот и изготвува детелен извештај за превземените чекори и тоа што е сервисирано и за заменетиот дел на уредот.

- барањата за одржување на компјутери и компјутерска опрема може да бидат испратени по електронска пошта, во периодот од 07,30 до 16,30 часот секој работен ден во седмицата.

## X. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 14

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 15

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на давателот на услугата и писмена согласност на примателот на услугата.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во рокот утврден со овој договор или не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

Доколку дојде до еднострано раскинување на договорот поради неисполнување на обврските од Договорот од страна на Давателот на услугата, Давателот на услугата ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на Примател на услугата како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 16

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна кон друга за губитокот, повредата или неизвршувањето на одредбите на овој договор кои се предизвикани од виша сила дефинирана со закон

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови од поголеми размери и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

Член 17

Секое известување за раскинување, неисполнување или друго известување од правна природа што треба да го даде која било од страните на овој Договор, ќе биде дадено:

- писмено по пошта, со обезбедена потврда за испораката;
- преку курир или преку друг начин на рачна испорака за која се добива потпишана потврда за прием од одговорниот претставник.

Писмените известувања договорните страни се должни да ги испраќаат на службените адреси дефинирани горе, или на друга адреса за која соодветната договорна страна е писмено известена.

## XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 18

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат или дополнат со склучување на анекс на договорот.

Член 19

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

Член 20

Овој договор влегува во сила со денот на потпишувањето од двете договорни страни.

Член 21

Овој договор е склучен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) примерока за секоја договорна страна.

**ПРИМАТЕЛ НА УСЛУГАТА,**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**МИНИСТЕР,**
**Мила Царовска**

**ЗА ДАВАТЕЛОТ НА УСЛУГАТА,**
**Друштво за производство, промет и услуги ТЕЛКОМ ММ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје**
**Управител,**
**Драган Јовиќ**

Изготвил: Емилија Андовска
Прегледал: Милка Масникоса
Согласен: Маја Бичиклиска